# Препознавање и справување со дискриминацијата преку приказна



НАСТАВНИК РЕАЛИЗАТОР: ЗОРИЦА АДАМЧЕВСКА, ОУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – ВЕЛЕС

**Одделение и предмет**
Прво одделение (33 ученици од мак. јаз.)
Македонски јазик

**Тема од наставната програма и наставна единица**
Литература и Изразување и творење, обработка на текст „Амегниса и нејзиното семејство“

**Преглед на активноста**
Главната задача на учениците е да осмислат крај на приказната за девојчето Амегниса, кое е од различна етничка заедница од нивната. Во воведната активност учениците кажуваат имиња со почетна буква што ја избира групата (А, М, К или С). Наставничката додава имиња и од други етнички заедници (албански, српски, турски, бошњачки) и на тој начин ги запознава со другите етнички заедници што живеат во Македонија. Наставничката ја чита содржината на приказната „Амегниса и нејзиното семејство“ и им покажува слики. Учениците добиваат задача да препознаат сцени од приказната со примери за правилно и неправилно однесување и на тој начин самите го откриваат проблемот (исмејување и омаловажување поради името и поради хендикепот – неподвижност на раката). Учениците во групи даваат предлози за крај на приказната со свои идеи за решавање на неправилното однесување, што го претставуваат преку цртеж. На крај учениците ги наведуваат разликите (албанско име, албанска етничка заедница, има хендикеп) и сличностите (таа е дете, учи, јаде, пие, чувствува, има другарчиња, сака да игра, има семејство, дом) на Амегниса споредени со другите деца. Придобивката е што до учениците допре пораката – „Различностите никогаш не треба да бидат пречка за дружење. Не ги избегнувај различните од тебе“.





Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education